До: Сите заинтересирани

Сл. бр. TER-MAC-01 (2018-0085)
Дата: 10.06.2019

**Предмет:** Повик за доставување на понуди за спроведување на курсеви за компјутерска едукација во рамките на проектот,, Зголемување на пристапот и учеството на средношколци Роми во образование и транзиција на пазарот на труд“

Почитувани,

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, Ве поканува да доставите понуда за спроведување на курсеви по компјутерска едукација на гореспоменатиот проект:

- спроведување на курсеви по компјутерска едукација за програмите на Microsoft Word, Excel, Power Point и користење на интерент/меил, за основно и средно/напредно ниво.

1.Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1)
- Тековна состојба на добавувачот (доколку е правно лице), не постара од една година;
- Предлог Методологија/ Наставен план за спроведување на курсот
- Стручна биографија на експерт/и предложен за спроведување на курсот (формулар во прилог, анекс 3)
- Претходно искуство, испорачани обуки таксативно наведени
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност, (документ во прилог, анекс 4)
- Потпишана изјава (доколку се работи за правно лице) дека нема правни пречки за реализација на активноста (документ во прилог, анекс 5);[1]

Повеќе информации за бараниот ангажман и начинот на поднесување понуди можете да најдете во документот насловен Услови за работа даден во прилог.

Основни критериуми за избор:

[1] Доколку понудувачот е правно лице изјавата треба да ја потпише застапникот на правното лице

This Project is funded by the European Union

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

| Обука | |
|---|---|
| **А. Квалитет** | **Макс.** |
| Стручна биографија | 20 |
| Претходно искуство | 20 |
| Методологија за обука | 20 |
| **Вкупно бодови (квалитет)** | **60** |
| **Б. Цена** | |
| Финансиска понуда | 40 |
| **Вкупно бодови (цена)** | **40** |
| **Вкупно бодови А+Б** | **100** |

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.Понудата се доставува по пошта во затворен коверт во Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ( ул. 11 Октомври бр. 8/1-2, 1000 Скопје) или лично во здружението.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“. На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За отворен повик Реф. Бр. TER-MAC-01 (2018-0085) понуда за спроведување на курсеви zа компјутерска едукација во рамки на проектот,,Зголемување на пристапот и учеството на средношколци Роми во образование и транзиција на пазарот на труд“ Понудата треба да се достави во рок од 8 дена од датумот на повикот, не подоцна од 18.06.2019 година (петок), до 16:00 часот. Понудите пристигнати по предвидениот рок, и тие што се несоодветни и некомплетни, нема да бидат разгледувани. Резултатите од повикот ќе бидат објавени на интернет страницата на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Со почит,
Здружение на граѓани
Ромаверзитас